Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Бр. 0801-1754/2
26.05.2021 год.
СКОПЈЕ

# О Д Л У К А
## за отфрлање на претставка како неуредна

На 30.06.2016 г. до Комисијата за заштита од дискриминација од страна на [redacted] и [redacted], без наведена адреса, е доставена претставка во која како потенцијален дискриминатор е посочено лицето [redacted] (без презиме) за кое е наведено дека „живее под кирија кај [redacted]". Претставката е заведена под бр. 0801-1754/1, и истата е сосема нејасна при наведувањето на околностите за кои странките се жалат за сторена дискриминација.

Согласно чл. 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот до влегување на овој закон во сила, ќе завршат според одредбите на овој закон.

Согласно чл. 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Со оглед на тоа дека во предметната претставка подносителите не ја навеле својата адреса на која може да се достави известување за доуредување, **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи да ја отфрли оваа претставка како неуредна.**

Скопје
26.05.2021

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје